Уп. бр. 08-91

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштото АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица д.о.о со регистрирано седиште на ул. Фајфарјева улица 33, 1000 Љубљана, Република Словенија, преку Јасмина Брезовска, адвокат од Адвокатско друштво Бона Фиде Скопје, на седницата одржана на ден 16.07.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица д.о.о со регистрирано седиште на ул. Фајфарјева улица 33, 1000 Љубљана, Република Словенија ќе стекне целосна контрола над МЕНАЏМЕНТ НА РАЗВОЈ, КВАЛИТЕТ И ОБРАЗОВНИ СТРАТЕГИИ со регистрирано седиште на ул. Лава бр. 2Б, 3000 Цеље, Република Словенија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 27.06.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица д.о.о со регистрирано седиште на ул. Фајфарјева улица 33, 1000 Љубљана, Република Словенија, со која АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица д.о.о ќе стекне целосна контрола над МЕНАЏМЕНТ

НА РАЗВОЈ, КВАЛИТЕТ И ОБРАЗОВНИ СТРАТЕГИИ со регистрирано седиште на ул. Лава бр. 2Б, 3000 Цеље, Република Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**-АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица д.о.о** е друштво со ограничена одговорност, регистрирано согласно законите на Република Словенија чија основна дејност е други претприемачки и деловни консултантски услуги, воглавно во областа на социјалната заштита.

АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица д.о.о. претставува составен дел од ПРВА ЦАП Групацијата, односно сопствениците на стекнувачот Јанез Крањц, Тинка Годец, Миха Крањц и Аленка Жнидаршиќ Крањц се јавуваат како сопственици во ПРВА ФИНАНЦЕ д.о.о (PRVA Finance d.o.o.) која пак е сопственик на СКУПИНА ПРВА А.Д, која е пак сопственик на две друштва во Република Северна Макеоднија и тоа:

- **Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје**, со регистрирано седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 6-1, кат 2, Скопје и со приоритетна дејност осигурување на живот и

- **КБ Прво друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови АД Скопје**, со седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 6, Скопје и со приоритетна дејност-управување со фондови.

**-МЕНАЏМЕНТ НА РАЗВОЈ, КВАЛИТЕТ И ОБРАЗОВНИ СТРАТЕГИИ** е приватна установа - завод која што истапува на релевантен пазар за истражувачки и развојни активности во областа на општествените и хуманистичките науки.
МЕНАЏМЕНТ НА РАЗВОЈ, КВАЛИТЕТ И ОБРАЗОВНИ СТРАТЕГИИ работи во областа на развојот и квалитетот на образованието и учењето преку:

-Дизајнирање и спроведување образовни и научно-истражувачки програми и проекти важни за промовирање на социјалниот, економскиот, технолошкиот, научниот и културниот развој;
-Спроведување развојни проекти во областа на образованието, развивање иновативни активности за трансфер на стекнатото знаење, искуство и технологии во пракса;
-Поврзување на експерти од различни научни, уметнички и образовни области.

МЕНАЏМЕНТ НА РАЗВОЈ, КВАЛИТЕТ И ОБРАЗОВНИ СТРАТЕГИИ нема директно и/или индиректно поврзани друштва во Р.С. Македонија.

Трансакцијата која што е предмет на ова известување претставува стекнување на самостојна директна контрола по пат на пренос на 100% основачки права и обврски од страна на АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица д.о.о во МЕНАЏМЕНТ НА РАЗВОЈ, КВАЛИТЕТ И ОБРАЗОВНИ СТРАТЕГИИ.

Покрај преносот на 100% основачки права, истовремено АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица д.о.о индиректно ќе се стекне и со 100% од основачките права на Меѓународниот факултет за општествени и бизнис студии, чиј сопственик е МЕНАЏМЕНТ НА РАЗВОЈ, КВАЛИТЕТ И ОБРАЗОВНИ СТРАТЕГИИ.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**